# ПОЗИТИВНИ ПРАКТИКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НЕЕДНАКВОСТИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО



**ОД ПРОЕКТОТ „ИНСПИРИРАЈ, МОТИВИРАЈ, ДЕЛУВАЈ" КОЈ СЕ РЕАЛИЗИРА КАКО ДЕЛ ОД РЕГИОНАЛНИОТ ПРОЕКТ „АРИСЕ: АКЦИЈА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НЕЕДНАКВОСТИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО" (*ARISE: ACTION FOR REDUCING INEQUALITIES IN EDUCATION*)**



Почитувани,
Ви ја презентираме брошурата со добри практики од активности кои се реализираа и беа дел од проектот „Инспирирај, мотивирај, делувај“ кој го реализира Центарот за социјални иницијативи „НАДЕЖ“ а истиот се реализира како дел од регионалниот проект „АРИСЕ: Акција за намалување на нееднаквостите во образованието“ (*ARISE: Action for Reducing Inequalities in Education*). АРИСЕ се спроведува во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија и Турција, и е финансиран од Европската комисија. Целта на проектот е да ја поддржи инклузијата на учениците со низок социоекономски статус (СЕС), и тоа преку градење национални и регионални партнерства на граѓанските организации од шесте земји кориснички заради нивно вклучување во застапување и конструктивен дијалог со властите за соодветните политики, во подигање на свеста кај засегнатите страни во образованието и во пилот-интервенции насочени кон учениците со низок СЕС на училишно ниво.

# СОДРЖИНА

**1. Статистички податоци кои укажуваа на потреба на акции за надминување на нееднаковостите во образованието** **4**

**2. За проектот „Инспирирај, мотивирај, делувај"** **5**

2.1. Специфични цели

**2.1.1.** Намалување на последиците од нискиот социо-економски статус врз образовните постигнувања на учениците...................................................... **6**

2.1.2. Активности за инволвирање на самите ученици и семејствата во процесот на изнаоѓање решенија за подобрување на нивната свест и разбирање за потребата од преземање акции за намалување на последиците од нискиот социо-економски статус врз образовниот и личниот развој ...................................................................................... **9**

**2.1.3.** Зајакнување на сопствената свест на учениците за да ги разберат и практикуваат вредностите за да им помогнат на оние кои се погодени од сиромаштија ....................................................................................... **13**

2.1.4. Запознавање на пошироката јавност на национално ниво за влијанието на сиромаштијата врз развојот на учениците и нивната благосостојба ...................................................................................... **14**

2.1.5. Зајакнување на капацитетите на ЦСИ НАДЕЖ за поддршка на учениците со ниско социо-економско потекло и за работа на образовни прашања во заедницата и пошироко .......................................................... **15**

## 1. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ КОИ УКАЖУВАА НА ПОТРЕБА НА АКЦИИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА НЕДНАКОВОСТИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

• Повеќе од 100.000 деца во целата држава, односно 28 % од младите во земјава, се сиромашни;

• Според последните податоци, стапката на ризик од сиромаштија во Република Северна Македонија во 2019 година изнесувала 21,6 %;

• Едно од 300 деца кои живеат во сиромаштија посетува предучилишна установа, додека само две третини продолжуваат во средно образование;

• 73 % од ромските деца кои посетуваат училиште, никогаш не го довршуваат своето образование;

• Приближно 3 до 4 деца од едно домаќинство се на возраст за училиште, но трошоците за училиште на толку деца претставуваат финансиски товар;

• Анализите за типовите домаќинства покажуваат дека стапката на ризик од сиромаштија кај домаќинствата од две возрасни лица со три и повеќе малолетни деца била 44,7 %, од еден родител со малолетни деца до 42,6 % и кај домаќинствата со малолетни деца до 26,2 %;

• Според статусот на најчеста активност, стапката на ризик од сиромаштија кај вработените лица била 8,5 %, кај невработените 41,7 %, а кај пензионерите 7,7 %. Стапката на детска сиромаштија изнесувала 27,8 %;

• Бруто стапката на опфат во основното образование во 2018 година изнесувала 63,91 %, а нето стапката 92,97 %. Во овие бројки не се вклучени учениците (главно Роми) кои не се регистрирани како граѓани (немаат матичен број), што значи дека фактичката стапка на опфат за овие групи е дури и помала.

* Податоците се преземени од „АРИСЕ: Акција за намалување на нееднаквостите во образованието", Национален извештај за Република Северна Македонија

## 2. ПРОЕКТ: “ИНСПИРИРАЈ, МОТИВИРАЈ, ДЕЛУВАЈ ЗА ПОДОБРО ОБРАЗОВАНИЕ”

Целта на овој проект е поттикнување на подобра образовна интеграција на учениците со низок социо-економски статус во заедницата и подигнување на свеста помеѓу локалните чинители за потребата од преземање акција за надминување на последиците од нискиот социо-економски статус врз образовниот и личен развој на учениците. Со него е предвидено да бидат опфатени и вклучени во проектните активности 600 ученици од пилот училиштето “Браќа Рамиз-Хамид” - Шуто Оризари, со акцент на учениците со низок социо-економски статус, како и ученици од други училишта кои ќе се утврдат во соработка со ЧпЧ. Исто така како чинители и учесници во проектот се вклучени и семејства со низок социо-економски статус чии деца се целна група на проектот; наставниците, стручната служба и раководството во ОУ „Браќа Рамиз-Хамид” - Шуто Оризари, стручните служби и наставниците во другите четири училишта утврдени во соработка со ЧпЧ; локални чинители (претставници на локалните власти, НВО секторот), пошироката јавност на национално ниво.



**2.1.1. Намалување на последиците од нискиот социо-економски статус врз образовните постигнувања на учениците**

Во овој дел континуирано и беа вклучени училиштето, семејството и нашиот центар. Преку заедничка соработка и комуникација беа реализирани долу наведените активности.

***I) Работа со деца***

• 25 ученици од Шуто Оризари со низок СЕС, од V до IX одделение кои ја следеа програмата со ментор/тутор, односно добиваа помош во учење и домашни задачи;

• Избраните ученици беа вклучени во активности со кои беа подобрени училишните резултати и беше поттикната нивната поголема редовност/посетеност во центарот.





*II) Соработка со семејствата*

• Зголемени знаења и вештини на 30 родители на деца со низок социо-економски статус од Шуто Оризари за грижа за приватноста и заштита на децата од онлајн насилство преку реализирање на две работилници на тема онлајн насилство и закани од дигиталната технологија;

• Зголемени знаења и свест за важноста на менталното здравје и благосостојба, особено за време на тековната пандемија на 33 родители на ученици со низок СЕС од Шуто Оризари преку реализирање на 2 рботилници;

• Постојана поддршка и советување за родителите на деца со низок СЕС од Шуто Оризари каде што тие добиваа информации и советодавна поддршка во врска со образованието на нивните деца и добивањето одредени социјални/образовни права.



***III) Соработка/работа со училиштето***

• Реализирана еднодневна работилница со дваесет и еден наставник и двајца претставници на стручната служба во училиштето „Браќа Рамиз-Хамид" - Шуто Оризари за сензибилизација во работата со деца погодени од сиромаштија;

• Споделено искуството и фукционалноста за платформата АННО на преставници од училиштето „Браќа Рамиз-Хамид" - Шуто Оризари;

• Остварени заеднички средби со претставници од четири основни училишта од Македонија учесници во проект каде е пренесено досегашното искукство и добрите практики од проектот;

• Зајакнати капацитетитите за мобилизација на ресурси на четиринаесет директори, претставници на општините каде се наоѓаат училиштата ученици во проектот ARISE и стручниот тим на училиштето преку реализирање на еднодневен *online* трениг.



### 2.1.2. Активности за инволвирање на самите ученици и семејствата во процесот на изнаоѓање решенија за подобрување на нивната свест и разбирање за потребата од преземање акции за намалување на последиците од нискиот социо-економски статус врз образовниот и личен развој




• ***Креирање на веб страна/платформа***

Создавањето на платформата АННО (*https://csinadez.mk/anno/*) и нејзиното одржување беше интересен и корисен процес во кој беа вклучени самите деца, ментори, новинари, соработници и целиот тим на „Надеж". Креирање на поддомејн на веб страницата на Надеж /платформата Анно има за цел да ќе ги актуализира предизвиците на учениците со низок социо-економски статус, нивните семејства, наставници и нуди содржини за надминување на истите.

Учениците, целна група на проектот, зедоа директно учество во креирањето на дел од содржините во рамки на платформата. Платформата се состои од три главни секции:

*I) Инспирирај, мотивирај*

Во рамките на оваа секција самите ученици, како и корисниците на платформата имаат можност да го споделат своето искуство и приказна, да им покажат на другите дека не се сами, да инспирираат акција. Оваа секција има Мислења/стории, Истражувања, на различни теми кои беа подготвувани од самите ученици по раководство на ментор во училиштето. Оваа секција предизвикува огромно задоволство кај учениците бидејќи на платформата пронаоѓаат начини како да го искажат своето мислење за одредени теми за кои се чуствувааат засеганати. Како дополниелен мотив за вклученост во оваа секција на учениците беа и петнаесет најчитани наградени содржини а изборот се правеше по пат на јавно глсање.





Во оваа секција се и “***Искри на позитивност***” каде секогаш има позитивна мисла за да сите користици си најдат своја инспирација или мотивација (искра).



**„Образованието е најмоќното оружје кое може да го употребите за да го промените сетот”**

***- Нелсон Мандела***

**„Начинот да започнеш нешто е да прекинеш да зборуваш и да почнеш да дејствуваш”**

***- Волт Дизни***

**„Убавата работа кај образованието е тоа што никој не може да ти го одземе”**

***- Б.Б.Кинг***

**„Образованието е златен клуч на слободата”**

***- Џорџ Вашингтон Карвер***

**„Што и да учиш го учиш за себе”**

***- Петрониј***

Исто така во рамки на оваа секција е и делот “***Нашите проблеми VS носителите на промени”*** во кој вклучува професионални новинарски текстови и статии за проблемите и предизвиците на учениците со низок социо-економскистатус и нивните семејства. Оваа секција ги актуализираат нивните проблемите и предизвиците а истовремено и да се бараат решенија од креаторите на законот и експерти од различни области.

### ***II) Делувај***

Во оваа секција можат да се пронајдат најразлични содржини во делот на “***Можности”*** кои овозможуваа на учениците, родителите и наставниците да дојдат до актуелни информации кои се поврзани со формалното и неформалното образование, конкурси ,натпревари, податоци и информации од социјалната карактер како и информации од културно социјалното живеење. Исто така во оваа секција има дел Алатки за застапување и комуникација кој во моментов има девет содржини. Тука секој корисник на платформата може да се запознае со актуени компјутерски алатки кои можат да му ја олеснат секојдневната работа и комуникација, како и информации кои можат да ги подобрат компјутерските вештини.




### ***III) Ментално здравје и благосостојба***

Оваа секција од платформата обезбедува поддршка за менталното здравје и благосостојба на учениците со ниско социо-економско потекло и нивните семејства. Во овој дел се објавуваат натписи со совети за правилна грижа за менталното здравје и благосостојба, како и последиците од ковид кризата врз менталното здравје на ранливите семејства и учениците со низок социо-економски статус .

## 2.1.3 ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РАЗБИРАЊЕТО И СОПСТВЕНАТА СВЕСТ НА УЧЕНИЦИТЕ ДА ГИ РАЗБЕРАТ И ПРАКТИКУВААТ ВРЕДНОСТИТЕ ЗА ДА ИМ ПОМОГНАТ НА ОНИЕ КОИ СЕ ПОГОДЕНИ ОД СИРОМАШТИЈА

• Работилници со ученици

- Реализирани три работилници каде се зголемени знаења и вештини на шеесет и седум ученици со низок СЕС од Шуто Оризари од VI до XI одделение за грижа за својата приватност и заштита од насилство на интернет;

- Реализирани три работилници за ментално здравје и благосостојба со педесет ученици со низок социо-економскистатус на возраст од VI до XI одделение. Преку интерактивните работилници се подигна свеста за важноста на менталното здравје и благосостојба како важен дел од секој детски развој.





### 2.1.4. ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ПОШИРОКАТА ЈАВНОСТ НА НАЦИОНАЛНО НИВО ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА СИРОМАШТИЈАТА ВРЗ РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ И НИВНАТА БЛАГОСОСТОЈБА

- Зајакнати капацитети за застапување и промовирање на важноста за поддршка на децата со низок СЕС преку изготвување е-Брошура со позитивни практики од пилот фазата на проектот и истата промовирана преку социјалните медиуми;

- Реализирана онлајн кампања за промоција на прашањето за потребата да се работи со деца со низок социо-економски статус и нивните семејства, преку креирање и испраќање на мотивирачки пораки од страна на самите корисници на проектот (ученици и родители со низок социо-економски статус, од РСМ, како и од другите земји партнери во проектот ARISE);

- Зголемена информираност за темата и промовирање на проектните активности преку поставување на информации, постови, трудови и изработки од страна на проектниот тим и корисниците, односно учесниците на различните активности.



### 2.1.5. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЦСИ НАДЕЖ ЗА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ СО НИСКО СОЦИО-ЕКОНОМСКО ПОТЕКЛО И ЗА РАБОТА НА ОБРАЗОВНИ ПРАШАЊА ВО ЗАЕДНИЦАТА И ПОШИРОКО

Во делот на јакнење на организциските капаците беа планирани, организирани и реализирани неколку видови на обуки кои беа наменети за вработените, членовте и волонтерите на ЦСИ „НАДЕЖ", а истите произлегоа од самите потреби на организацијата и тоа:

- Обука за спроведување истражувачки активности во соработка со ЧпЧ;
- Обука за Лобирање и застапување;
- Обука за Мобилизација на ресурси;
- Обука за Стратешко планирање.

Практична примена на стекнатите вештини по завршување на обуките се реализираше преку активности наменети за организациско јакнење:

• Подобрен капацитет на персоналот и волонтерите на ЦСИ „НАДЕЖ" за спроведување на истражувачки активности;

• Подобрени капацитети на персоналот на ЦСИ „НАДЕЖ" и волонтерите за лобирање и застапување;

• Изготвување на 4годишна стратегија 2021-2022 год. на ЦСИ „НАДЕЖ";

• Зајакнати капацитетите на ЦСИ „НАДЕЖ" преку проширување на мрежата на партнери/соработници во регионот преку мрежата *ARISE*;

• Подобрени капацитети на персоналот на ЦСИ „НАДЕЖ" и волонтерите за прибирање финансиски средства. ЦСИ „НАДЕЖ" станува постојан партнер на *Global Giving* и преку истата платформа беше спроведена ацијa за собирање на ресурси наменети за шеесет деца кои потекнуваат од семејства со низок социо економски статус. Вкупно беа собрани сто и седумнаесет донации во рамките на кампањата за *crowd funding*;

• Зајакнатаи капацитети на тимот на Надеж на полето на комуникација и видливост. За таа цел беше креирана стратегија за комуникација и видливост на ЦСИ „НАДЕЖ", портфолио на ЦСИ „НАДЕЖ", и беше дизајниран пакет на продукти за видливост на ЦСИ „НАДЕЖ" на социјалните медиуми.



**Линкови:**

*https://www.instagram.com/zcsinadez/*

*https://www.facebook.com/C.S.I.Nadez*

*https://www.linkedin.com/company/centre-for-social-initiatives-nadez/*

- *Стретегија за видливост на ЦСИ Надеж*
*https://csinadez.mk/wp-content/uploads/2021/10/strategija-vidlivost-final-ang.pdf*

- *Link Organizational Portfolio*
*https://csinadez.mk/wp-content/uploads/2021/10/Portfolio-CSI-NADEZ-ENG.pdf*

- *Link Promotional video*
*https://www.linkedin.com/posts/centre-for-social-initiatives-nadez_double-your-impact-activity-6852182862238769152-1s9G*

- *https://www.globalgiving.org/projects/give-60-vulnerable-children-education/*

- *https://csinadez.mk/mk/*

Текстот е изработен во рамки на проектот "Инспирирај, мотивирај, делувај за подобро образование", кој е дел од ARISE (Action for Reducing Inequalities in Education) и е спроведен од страна на Центар за социјални иницијативи НАДЕЖ, а е финансиски поддржан од ЕУ. Содржината е единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не може да се смета дека гледиштата изразени во истата го одразуваат мислењето на Европската Унија.

БРОШУРАТА Е ИЗРАБОТЕНА СО ПОДДРШКА ОД:

Funded by the European Union

arise Action for Reducing Inequalities in Education

Centre for Social Initiatives NADEZ